Република Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**


Бр. [illegible] од [illegible]

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

1000 Скопје,
Република Македонија


До

Фондација Метаморфозис
Ул. Апостол Гусларот бр.40

СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на барање

Со Ваше барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство барате да ви биде доставена информацијата дали се превземени активности за акредитација на нови мерки од програмата ИПАРД кои се однесуваат на подобрување и развој на руралната инфраструктура, локален рурален развој со кои ќе се овозможи и општините да аплицираат за проекти во насока на подобрување на руралната инфраструктура како предуслов за развој на руралниот сектор, како и да ви се достави листа од активностите.

Во врска со поднесеното барање Ве известуваме за следното:

- Кон крајот на 2012 година, Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, започна со активности на подготовка за воведување на мерката 301 во ИПАРД Програмата – М301 – Унапредување и развој на руралната инфраструктура. Со цел да се подготви збир на инвестициски можности кои ќе бидат правилно насочени да одговорат на потребите на населението кое живее во руралните подрачја во Република Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Заедницата на единици на локалната самоуправа – (ЗЕЛС) спроведе процес на консултации со општините за дефинирање на потребите од инвестиции во смисла на изградба и реконструкција на локална патна инфраструктура, системи за водоснабдување, прочистителни станици, канализациски системи, изградба и уредување на рекреативни зони како и инвестиции во обновливи извори на енергија. Во иста насока, со помош на експерти од Република Словенија, во месец декември минатата година беше изработен и прашалник за општините кој треба да одговори на реалните потреби за инвестиции во руралната инфраструктура, но и да даде слика за капацитетите со кои тие располагаат за успешна изработка и спроведување на проектите.

- Користејќи ги искуствата на Република Хрватска која минатата година започна со спроведување на мерката 301, како и искуствата на Република Бугарија која имаше можност да користи средства за развој на руралната инфраструктура преку САПАРД програмата, Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изработи Акциски план за утврдување на активности за подготовка и воведување на М301 – Унапредување и развој на руралната инфраструктура.
- Со експертска помош финансирана од ЦеПроСАРД и TAIEX инструментот на Европската комисија, а во насока на исполнување на зададените цели од Акцискиот план, Телото за управување со ИПАРД подготви и Нацрт техничко фише за мерката 301 чија финализација се очекува кон крајот на месец март, веднаш по завршување на анализите од спроведената анкета за потребите на локалната самоуправа од инфраструктурни инвестиции. Финалниот предлог на техничкото фише за мерката 301 се очекува да биде доставено на консултации до одговорните одделенија на Европската комисија до месец јуни оваа година.
- Расположливи средства по оваа мерка со почетокот на спроведувањето ќе бидат околу 3 милиони евра, кои се алоцирани за програмскиот период до 2013. Со отпочнувањето на новиот програмски период од 2014, Република Македонија ќе има на располагање дополнителни средства за овој тип на инвестиции. Но, истите ќе може да се користат со завршување на постапката за воведување на мерката 301 – Унапредување и развој на руралната инфраструктура како дел од ИПАРД Програмата.
- На крајот значајно е да се напомене дека во рамки на мерката 301 – Унапредување и развој на руралната инфраструктура висината на кофинансирање за проекти изработени од локалната самоуправа (проекти кои не остваруваат приход) ќе биде 100% од вредноста на инвестицијата.

Во меѓувреме, согласно Годишната Програма за финансиска поддршка на руралниот развој се „пилотираат" мерки за „Развој на јавна инфраструктура во рурални средини" -321; „Обнова и развој на селата" – 322; „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" - 323.

МИНИСТЕР,
Љупчо Димовски

Изработил: Марија Тодороска, дипл.правник